ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 15 точка 5 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/2005, 17/2008, 08/19, 14/20 и 19/20) и согласно Програмата на Општина Битола за културата за 2021 година („Службен гласник на Општина Битола“ бр.20/20), Општина Битола објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
**за учество во организацијата на културни активности во пресрет на новогодишните празници и збогатување на понудата на јавни содржини во општина Битола по повод дочекот на Новата 2022 година**

1. Целта на овој јавен повик е избор на субјекти кои ќе учествуваат во организацијата на културни активности во пресрет на новогодишните празници и збогатување на понудата на јавни содржини во општина Битола по повод дочекот на Новата 2022 година.
2. Право да се пријават на јавниот повик имаат сите домашни правни и физички лица кои работат во обласа на културата, со достава на понуда електронски на мејл адресата culture@bitola.gov.mk.
3. Селекцијата на настаните ќе ја изврши Комисија составена од општинската администрација задржувајќи го правото да направи распоред на настаните.
4. Настаните ќе се реализираат во периодот од 23.12.2021 до 31.12.2021 година.
5. Подетални информации можат да се добијат на телефонскиот број 047-208-347.
6. Крајниот рок за доставување на пријавите за интерес е 17.12.2021.

**ОПШТИНА БИТОЛА**

Бр. 41-531/1

09.12.2021 год.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 208 312 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk